Во рамките на своите програмски активности Комисијата за финансии и буџет на Советот на општина Битола врз основа на член 9 од Одлука за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општина Битола („Сл.Гласник на општина Битола бр.15/08 и 12/09) и Методологијата за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.5/16), објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на здруженија на граѓани и фондации – **спортски клубови и здруженија** за 2020 година

1.Распределбата на средствата за здруженијата/фондации – **спортски клубови и здруженија** од Буџетот на општина Битола во висина од 1.000.000,оо денари (еден милион денари) се врши преку грантови за проекти во приоритетни области и цели кои се однесуваат на спортот.

2.Критериуми за аплицирање

2.1.Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите - **спортски клубови и здруженија** се:

-Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11 и 55/16) и

-Да имаат седиште во општина Битола

2.2.Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите - **спортски клубови и здруженија** се:

| Критериуми | Бодови |
|---|---|
| 1.Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 20 |
| 2.Релевантност на акцијата/проектот со приоритетната област (анализа на проблемот, актуелност, целна група) | 30 |
| 3.Опис на акцијата/проектот (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |
| 4.Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост) | 15 |
| 5.Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците) | 15 |
| Максимум бодови | 100 |

*За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови

3.Временската рамка за спроведување на проектите е до крајот на фискалната година, односно до 31.12.2020 година.